Центар за ортотика и протетика
Славеј АД Скопје

ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# И З Ј А В А

**Политика за управување со животната средина**

Стратешка определба на Центар за ортотика и протетика Славеј АД Скопје е да обезбеди и спроведе брзо, квалитетно и навремено производство на ортодески помагала и услугина лечење и рехабилитација, имајќи ги во предвид сите евентуални негативни влијанија врз животната средина.
Посветеноста кон предвидување, следење, ублажување и отстранување на негативните влијанија на секојдевните активности на Центар за ортотика и протетика Славеј АД Скопје врз животната средина и обезбедување висок степен на одговорност кон општеството, претставува главна цел на Политиката за управување со животната средина.
Јасна и транспарентна е определбата на највисокото раководство на Центар за ортотика и протетика Славеј АД Скопје за спроведување на главната цел на Политиката за управување со животната средина преку:

- идентификација на можности за воведување на принципите на Почисто Производство кои ќе овозможат намалување на количеството на создаден отпад и рационално користење на суровини, материјали, енергија и вода низ целиот производен процес во Заводот;
- континуирана усогласеност со барањата на националната законска регулатива од областа на животната средина и следење на меѓународните стандарди од оваа област ;
- информирање и обучување на вработените за различните негативни влијанија што активностите од организацијата ги имаат врз животната средина и давање насоки за постојано користење на заштитните средства за безбедно секојдневно извршување на работните задачи;
- Одржување на ефикасна комуникација со сите релевантни заинтересирани страни заради континуирано следење на новините во заштитата на животната средина и активно вклучување во реализација на национални и локални проекти;
- Обезбедување транспарентност и достапност на политиката за управување со животната средина за корисниците на услугите на Заводот, вработените, деловните партнери и пошироката јавност.
- Поставување на специфични цели на годишно ниво преку:
    - Следење на потрошувачката на суровини и хемикалии
    - Подобрен систем на управување со отпадот, особено со опасниот отпад од пакување на хемикалиите
    - Поефикасно користење на топлотната енергија
    - Следење и намалување на емисиите од ковачницата

Највисокото раководство на Центар за ортотика и протетика Славеј АД Скопје е целосно одговорно за спроведување и унапредување на политиката за управување со животната средина, доследно спроведување на целите на Политиката како и вклучување на секој вработен од организацијата во цлокупната реализација на истата.

Скопје, 06.08.2009

Претседател на Управен одбор

Горан Чалоски